## ОРИЕНТАЦИОНА ПРОГРАМА ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ МОНОГРАФИЈА ЗА " ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА НАУМ ВЕСЛИЕВСКИ-ОВЧАРОТ"

### I. ПРЕГЛЕД КОН ЖИВОТОТ НА НАУМЕ ВЕСЛИЕВСКИ-ОВЧАРОТ, од неговото раѓање до 1941 година.

1. - Општесвено-политичките прилики во Преспа 1919-1941 година
2. - Семејно потекло и припадност, детсвото на Науме, училишниот и младинскиот живот.
3. - Дејствување сред селаните и младинците во разобличување на српската буржуаска влает и нејзината денационализаторска и асимилаторска политика во Македонија.
4. - Индивидуална надградба, читање на напредна и марксистичка литература.

### II. НАУМЕ ВЕСЛИЕВСКИ ВО ВРЕМЕТО НА НОВ И РЕВОЛУЦИЈАТА 1941-1945 год

5. - Револуционерна дејност од априлската војна до неговото мобилизирање како регрут во Бугарската армија септември 1942 година.
6. - Негов придонес во подготовките за вооружена борба против фашистичките поробувачи.
7. - Обид за негово напуштање( дезертирање) на бугарската фашистичка армија при неговото прво отсуство при крај на јануари 1942 година. и преминување во илегалство.
8. - Второ отсуство 15 март 1942 година и негово конечно напуштање на бугарската армија. Преминување во илегалност на 8 април 1942 год.
9. - Животот на Науме во деновите на илегалност. Прифаќање и сместување од страна на членовите на КПЈ, СКОЈ од с. Златари, Сопотско, Подмочани, Дрмени, Покрвеник и Лавци.
10. - Прва средба со Илија Спировски и Јосив Јосифовски-Свештарот Ѓорче
11. - Припреми за формирање на партизанскиот одред во Преспа и неговиот придонес во времето од април до јули 1942 година.
12. - Формирање на првото партизанско јадро во Преспа од 8 борци.

13. - Формирање на Битолско- преспнскиот НОП одред "Даме Груев", на кој Науме е поставен за заменик на командантот.

14. - Како Науме го добил псевдонимот "Ѓорги Овчарот"

15. - Прва борбена акција на Одредот "Даме Груев" на с.Смилево 2.август 1942 година и нејзиниот одглас сред народот на Преспа и Битола.

16. - Престојот на Науме Веслиевски- Овчарот со Битолско-преспанскиот одред во логорите над с.Болно.

17. - Примање во редовите на КПЈ август 1942 година

19. - Борбениот напад на одредот на полицискиот участок во с.Кажани на 18/19 август 1942 година.

20. - Одредот наиде на заседа на реката Шемница кај с.Жера ноќта на 19 свгуст, пробивањена непријателската заседа и повлекување преку планината Бигла во логорот на Болнска планина.

18. - Преземање на должноста командант на Битолско-преспанскиот НОП одред од страна на Науме Веслиевски-Овчарот - август 1942 год.

21. - Блокада на Одредот над с.Болно од страна на Бугарскиот окупатор и негово извлекување на 11 септември 1942 година.

22. - Како Овчарот со неговите соборци ја примил веста за загинувањето на своите другари Стив Наумов и Мите Богоевски.

23. - Четириесет дневни страдања на Одредот и неговиот опстанок септември-октомври 1942 година на Бигла планина. Напори на Овчарот за обезбедување на прехранбени и други материјали за егзистирање на Одредот.

24. - Припреми и напад на Одредот на с.Сопотско октомври 1942 година, Раздлување на одредот на групи. и престојот на групата во која бил Овчарот - Подмочани, Ѓурбиново и земуницата над село Златари до средината на декември 1942 година.

25. - Прифаќање на групата на Овчарот од страна на Мите Трповски во с.Покрвеник.

26. - Заминување и престој и политичката активност на Одредот "Даме Груев", во македонските села во Албанија ( 31 декември 1942 - 15 март 1943 гдоина/.

27. - Соединување на одредите "Даме Груев" и "Јане Сандански" и нивно заминување во македонските села во Грција март 1943 гдоина.

28 - Борбено-политичките акции на одредот до 21 мај 1943н година.

29. - Создавање на полуслободна територија во Преспа

30 - Партизанска флота- префрлување на одредот преку Преспанското езеро.

31 - Поставување на Науме Веслиевски-Овчарот по втор пат за командант на Одредот "Даме Груев" и негово враќање во Преспа. Борбено-политичка активност на одреот до 17 јули 1943 година.

32 - Примање на првото борбено знаме / 17.јули 1943 год.) на Галичица "месноста"Ломје" и заминување на Овчарот со главнината на Одредот на територијата во Дебарца.

33. - Борбено-политичко дејствување на одредот во Дебарца( борбите кај Белчишта,Ботун и др.),одржување на политички митинзи до формирањето на баталјонот "Мирче Ацев" 18.август 1943 година.- прва регуларна воена единица

34. - Науме Веслиевски како командант на првата регуларна воена единица на Македонскиот народ и борбениот пат на оваа единица: Дебарца Преспа,Егејскиот дел од Македонија до негово влегување во состав на I-та Македонско-косовска НО бригада, како Први баталјон.

35. - Формирање на баталјонот "Стив Наумов" 11.ноември 1943 година.

36. - Поставување на Науме Веслиевски за командант на баталјонот "Стив Наумов". и неговите акции воПреспа и Егејскиот дел од Македонија.

37. - Влегување на баталјонот "Стив Наумов" во составот на "Групата баталјони" и негово учество во борбите низ Источна Македонија во Февруарскиот поход од Караџова до Козјак планина.

38 - Влегување на баталјонот во состав на III-та Македонска бригада и неговите акции во борбите кај Истибања, Ристовац, Злетово,Кратово и др. места и учеството во походот од Црна Трава до падините на планината Беласица и назад во мајската офанзива.

39 - Учеството на Науме Веслиевски-Овчарот на I-то заседание на АСНОМ во манастирот Прохор Пчински.

-

40 - Наум Веслиевски-Овчарот како командант на II-Македонска бригада август-септември 19444 год, Командант на 41 дивизија септември-декември 1944 година,Командант на 50 дивизија декември-март 1945 год.

41 - Наум Веслиевски на школување во Школа на Генералштабот за Виши офицерски команден состав од март до јуни 1945 гдоина

42 - Командант на Шеста дивизија на ЈНОЈ од јуни до ноември 1945 година

43 - Науме Весливески на школување во СССР. јануари 1946 година, а по заврщување на академијата како командант на III дивизија од декември 1947 година.